РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-2240/1
09.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:** сите радиодифузери што емитуваат ППР

**За:** Управителите/директорите и одговорните уредници

**Предмет: Известување за достава и за потврда на извештаите за ППР**

Почитувани,

Ве потсетуваме дека согласно член 76-д став 9 од Изборниот законик, извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите за време на изборни процеси ги потврдува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од пет дена од денот на нивното доставување, а радиодифузерите се должни да ги достават до Агенцијата, во рок од пет дена од настапување на предизборниот молк.

**Извештаите за реализирани услуги**, односно за емитување платено политичко рекламирање **за вториот круг од Претседателските избори и за Парламентарните избори 2024, треба да ги доставите најдоцна на 11 мај (сабота),** со печат и потпис во скенирана форма, на електронската адреса izbori@avmu.mk.

Извештаите треба да се доставаат **исклучиво на обрасците усвоени од ДИК** достапни на следниве линкови:

- за вториот круг од Претседателските избори на – https://shorturl.at/bctDU
- за Парламентарните избори на – https://shorturl.at/BW057

За побрза проверка на податоците, ве молиме, сите извештаи да ги доставите и во Excel формат. **Агенцијата ќе ги издаде потврдите на извештаите до 15 мај 2024 година, и ќе ви ги достави електронски, преку истата адреса izbori@avmu.mk.**

Потсетуваме дека потврдениот извештај потоа треба да го доставите до учесникот во изборната кампања, а потоа целосната документација до Државната изборна комисија, во рок од пет дена од денот на потврдување на извештајот.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ